Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-38/1
Датум: 08-01-2025

Постапувајќи по претставка бр. 08-669/1 од 16.10.2024 година по службена должност против ООУ „Панко Брашнаров“ Велес и Општина Велес, врз основа на етничка припадност во областа на образованието, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА СЕГРЕГАЦИЈА** од страна на ООУ „Панко Брашнаров“ Велес и Општина Велес кон учениците Роми припадност врз основа на расна и етничка припадност во областа на образование.

## Образложение

На ден 16.10.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од страна на [redacted] со бр. 08-669/1. Во претставката се наведува дека на ден 27.11.2023 година, од страна на Министерството за образование и наука (МОН) до [redacted] била доставена информација за можно „физичко одделување“ на учениците во ООУ „Панко Брашнаров“ во Велес. Со цел утврдување на фактичката состојба во однос на наводите, од страна на ЕЦПР двапати, односно на ден 29.11.2023 и на ден 30.9.2024 година, бил побаран од ООУ „Панко Брашнаров“ пристап до информации од јавен карактер. Согласно добиените информации од училиштето, во текот на учебната 2022/23 година, од вкупно 649 ученици кои наставата ја следеле во главната зграда на ООУ „Панко Брашнаров“, 287 ученици биле Роми, а останатите 296 биле Македонци, 46 биле Албанци и 5 од други етнички групи. Се наведува дека во 17 паралелки од прво до деветто одделение, бројот на ученици од ромска етничка припадност бил поголем од бројот на учениците од останатите етнички заедници. Како пример е наведено III-б одделение, во кое од вкупно 17 ученици, 15 од нив биле Роми, а 2 ученици биле Турци. За споредба, во VI-в одделение од вкупно 20 ученици, 18 од нив биле Роми, а 2 ученици биле Турци. Во овие две одделенија воопшто нема ученици од македонска етничка припадност. Во таа насока, се наведува дека дел од ромското население во Велес историски се идентификувале како Турци. Понатаму, наведен е и примерот на IX-а одделение, каде од вкупно 14 ученици, 11 од нив биле Македонци, а само 2 биле Роми, што укажувало на диспропорционална распределба на учениците по етничка припадност во одделенијата. Во учебната 2023/24 година, од вкупно 658 ученици кои следеле настава во главната зграда на училиштето, 279 биле Роми, 319 биле Македонци, 45 биле Турци, 11 биле Албанци и 4 ученици биле од друга етничка припадност. Наведено е дека повторно во 17 паралелки од прво до деветто одделение,


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република
Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of
North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

бројот на ученици Роми бил поголем од бројот на учените од останатите заедници. Како пример е наведено IV-б одделение, во кое од вкупно 19 ученици, 17 биле Роми, а 2 биле Турци. Понатаму и во учебната 2024/25 година прекумерно биле застапени ученците Роми во училиштето. Имено, од вкупно 668 ученици кои наставата ја следеле во главната зграда на училиштето, 287 биле Роми, 315 биле Македонци, 52 биле Турци, 14 биле Албанци и 6 ученици биле од друга етничка припадност. Во 17 паралелки од прво до деветто одделение, бројот на ученици од ромска етничка припадност бил поголем од бројот на учениците од останатите етнички заедници. Како пример се наведени: **IV-г одделение, во кое од вкупно 19 ученици, 14 биле Роми, понатаму VI-а, во кое од вкупно 22 ученици, 16 биле Роми, VIII-б, во кое од 15 ученици, 12 биле Роми и 2 Албанци**. Како најпроблематично е наведено **V-б одделение, каде сите 16 ученици биле Роми.** Поставено е прашањето дали ваквата распределба и појавата на сегрегација е резултат на желбите на родителите на учениците Македонци, еднострана одлука на училиштето и/или резултат на несоодветна реонизација од страна на Општината. Во таа насока, подносителот на претставката се повикува на праксата на Европскиот суд за човекови права, кој во случаите Елмазова и други против *Северна Македонија, Д.Х. против Чешка, Сампанис против Грција* и *Оршуш против Хрватска* наоѓа дека издвојувањето на Ромите од останатите граѓани во процесот на образованието заради нивната етничка припадност претставува сегрегација. Дополнително, подносителот наведува дека според Стратегијата за Ромите, подготвена од страна на Министерство за труд и социјална политика во 2005 година, сегрегацијата на Ромите постои во повеќе општествени сфери, а особено во домувањето, образованието и во здравствените услуги. Подносителот на претставката наведува и дека Народниот правобранител со години наназад го истакнува проблемот со сегрегација. Имено, во Извештајот од 2010 година на Народниот правобранител е нагласено дека граѓаните реагирале на појавата на стереотипи во образовниот процес, вршење сегрегација на децата од ранливи групи (особено деца од ромската етничка припадност) и на неостварувањето на правото на образование на мајчин јазик на припадниците на заедниците. Во Извештајот на Народниот правобранител од 2011 година се потенцира потребата од преземање мерки и промотивни политики во однос на Ромите и ромските деца кои се цел на негативно стереотипизирање и социјално дистанцирање од страна на другите деца. Во Извештајот од 2012 година е забележано дека сè уште постои сегрегација на ромските ученици кои во некои одделенија се одделуваат од останатите ученици во посебни паралелки и кај нив воопшто не се спроведува реонизацијата на запишување во образовниот процес. Во извештајот од 2014 година е утврдено дека одлуката за реонизација на првачињата при упис во прво одделение не се почитува еднакво во сите основни училишта и отсуствува поголема ажурност од надлежните органи на локалната самоуправа за спречување и за надминување на сегрегацијата во училиштата на нивната територија. Дополнително, се наведува дека сегрегацијата во државата е воочлива во неколку основни училишта низ државата.

На 25.10.2024 година Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, испрати Барање за произнесување по претставката со бр. 08-669/2 до ООУ „Панко Брашнаров“ Велес. Заради правилно утврдување на фактичката состојба Комисијата ги побара и следните информации:

- Во учебната 2022/2023 година, колкав процент од учениците биле Роми, а колку од друга етничка припадност и колкав е бројот на учениците Роми во секоја паралелка во споредба со учениците од другите етнички групи?

- Во учебната 2023/2024 година, колкав процент од учениците биле Роми, а колку од друга етничка припадност и колкав е бројот на учениците Роми во секоја паралелка во споредба со учениците од другите етнички групи?

- Во учебната 2024/2025 година, колкав процент од учениците биле Роми, а колку од друга етничка припадност и колкав е бројот на учениците Роми во секоја паралелка во споредба со учениците од другите етнички групи?

- Дали постојат паралелки за конкретните учебни години во кои учениците биле или се исклучиво Роми и дали бројот на тие ученици е помал од 20, како и дали потребната документација за формулирање на помали паралелки е доставена до Министерството за образование и Општина Велес и дали истите се одобрени?

На ден 25.10.2024 година Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, испрати Барање за произнесување по претставката со бр. 08-669/3 до Општина Велес. Од страна на Комисијата беше побарано да се достават и следните информации:

- Дали при формирањето на паралелки со број на ученици помалку од 20 во ООУ „Панко Брашнаров“ Велес била доставена соодветна документација со соодветно образложение до училиштето и дали за истата е издадено позитивно мислење?

- Дали реонизацијата во училиштето е извршена согласно списоците составени од надлежните служби на локалната самоуправа и Министерството за образование и наука?

На ден 12.11.2024 година до Комисијата беше доставен поднесок за произнесување по наводите во претставката со бр 08-669/4, од страна на ООУ „Панко Брашнаров“ Велес. Се наведува дека ООУ „Панко Брашнаров“ било основано во 2019 година, како резултат на спојувањето на двете училишта „Благој Кирков“ и „Јордан Хаџи Константинов - Џинот“. Од причина што според реонизацијата едно од училиштата имало повеќе ученици од ромска етничка припадност, во тие паралелки бројот на ученици Роми бил

поголем. При формирањето на нови паралелки, се наведува дека било внимавано учениците да бидат етнички подеднакво застапени, но од причина што во текот на учебните години, многу од учениците се иселувале во други градови, во други држави или во друг дел на градот, во некое паралелки останале само ученици Роми. Дополнително, се наведува дека во тие паралелки бројот на ученици бил помал од 20 и за истите била добиена Согласност од основачот. Во таа насока, се наведува дека во учебната 2022/23 година, ученици Македонци биле 301, а ученици Роми биле 287. Во одделението III-б, од вкупно 17 ученици, 16 биле Роми, а едно девојче била Турчинка. Притоа, се наведува дека при формирањето на паралелката во второ одделение, истата имала и ученици Македонци, кои потоа се префрлиле во ООУ „Блаже Конески" и ООУ „Кирил и Методиј" во Велес, а некои од учениците се иселиле надвор од државата. Во однос на паралелката IX-а и останатите паралелки, се наведува дека паралелките не се новоформирани, туку се останати како што биле пред спојувањето на претходните две училишта. Во оваа паралелка од вкупно 20 ученици, 14 биле Македонци, 3 биле Роми, 2 биле Турци, а 1 ученик е од друга етничка припадност. Понатаму, се наведува дека во учебната 2023/24 година биле запишани 302 Македонци, 293 Роми, 10 Албанци, 58 Турци и 4 ученици од други националности. Во одделението IV-б од вкупно 20 ученици, 7 биле момчиња Роми и 13 девојчиња Ромки. Во учебната 2024/25 година, биле запишани вкупно 358 Македонци, 287 Роми, 18 Албанци, 52 Турци и 6 ученици од друга етничка припадност. Во одделението V-б, сите 16 ученици биле Роми, што било резултат на префрлањето на учениците Македонци во други училишта или иселувања. Се наведува дека од следната учебна 2025/26 година ќе бил решен овој проблем кога дополнително ќе бидат запишани ученици од три подрачни училишта, кои ќе бидат распределени во тие паралелки. Во паралелката VI-а, имало ученици од ромска етничка припадност кои не биле оценети како резултат на нередовноста на посетувањето на наставата и ја повторувале годината. Во паралелката VIII-в, од вкупно 15 ученици, 13 биле Роми, а 2 биле Албанци. **Се наведува дека ваквата распределба на учениците и појавата на сегрегација произлегувала од спојувањето на двете општински училишта во едно и од реонизацијата, а не од желбата на родителите на учениците Македонци.** Се наведува дека училиштето се придржувало кон правилна етничка распределба по одделенијата.

Во прилог на поднесокот за произнесување беа доставени табеларни прикази за етничка и родова структура на учениците за учебните години – 2022/23, 2023/24 и 2024/25.

На 4.12.2024 година до Комисијата беше доставен поднесок за произнесување по наводите во претставката со бр 08-669/5, од страна на Општина Велес. Се наведува дека од страна на ООУ „Панко Брашнаров" до Општина Велес било доставено Барање за согласност за формирање на помали паралелки со помал број на ученици за учебната 2024/25 година. Општината со допис бр. 3197/15 на 16.8.2024 година, се обратила до МОН со барањето. На ден 29.8.2024 година било донесено Решение за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици и

комбинирани паралелки за учебната 2024/25 година („Службен гласник на Општина Велес бр. 09/2024“). Во продолжение, се наведува дека реонизацијата во училиштето била извршена согласно списоците доставени од надлежните служби на локалната самоуправа и МОН. Од страна на Советот на Општина Велес била донесена Одлука за утврдување на реоните на општинските основни училишта во Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес бр. 06/2016) со која биле утврдени реоните на секое општинско основно училиште во Општина Велес.

**Во однос на етничката застапеност и распределбата по паралелки,** видно од табеларниот приказ се забележува дека во 2022/23, од вкупно 366 ученици во прво до четврто одделение, 146 биле Македонци, а 182 биле Роми. Од шесто до деветто одделение од вкупно 283 ученици, 155 биле Македонци, а 105 Роми. Во учебната 2023/24 година во второ одделение имало вкупно 71 ученици, 37 биле Роми, а 29 Македонци. Во четврто одделение од вкупно 77 ученици, 44 биле Роми, а 25 Македонци. Во седмо одделение од вкупно 79 ученици, 42 биле Роми, а 32 биле Македонци. Во учебната 2024/25 година, во II-а одделение од вкупно 19 ученици, 11 биле Роми, 7 биле Македонци. Во II-в, од вкупно 18 ученици, 9 биле Роми, а 4 биле Македонци. Во III-а одделение, од вкупно 19 ученици, 11 биле Роми, а 7 Македонци. Во III-в, од вкупно 15 ученици, 9 биле Роми, а 6 Македонци. Во III-г одделение, од вкупно 19 ученици, 9 биле Роми и 6 Македонци. Во IV-в одделение од вкупно 19 ученици, 10 биле Роми, а 7 биле Македонци. Во IV-г одделение, од вкупно 19 ученици, 13 биле Роми, а 4 биле Македонци. Во V-б одделение, од вкупно 16 ученици, сите се Роми. Во VI-в одделение од вкупно 25 ученици, 13 биле Роми, а 8 биле Македонци. Во VIII-в одделение, од вкупно 15 ученици, 13 биле Роми, а 2 биле Албанци. Во IX-б одделение, од вкупно 15 ученици, 8 биле Роми, а 4 биле Македонци. За споредба, има и одделенија коишто имаат поголема застапеност на Македонци во однос на Роми, како на пример во учебната 2024/25 година, одделението IX-в од вкупно 22 ученици, 20 се Македонци, а само 1 е од ромска етничка припадност. Во одделението VII-б, од вкупно 21 ученици, 16 се Македонци, наспроти 4 Роми.

Во прилог на поднесокот за произнесување беа доставени следните докази:

- Решение за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки за учебната 2024/25 година („Службен гласник на Општина Велес бр. 09/2024“) и
- Одлука за утврдување на реоните на општинските основни училишта во Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес бр. 06/2016).

**По увид во наводите од претставката, поднесоците за произнесување, како и од доставените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја утврди следната фактичка состојба:**

**Спојувањето на двете училишта во 2019 година довело до зголемување на бројот на ученици Роми во одредени паралелки, бидејќи едно од училиштата имало значително поголема застапеност на ученици Роми. Видливо е дека во некои паралелки учениците од ромска етничка припадност доминираат, со што се создава диспропорционална распределба. Како пример, паралелката V-б во учебната 2024/25 година е составена исклучиво од ученици Роми. Истовремено, постојат паралелки со доминација на ученици Македонци. Училиштето добило согласност од Општина Велес за формирање на паралелки со помал број ученици, вклучително и комбинирани паралелки, што е наведено како резултат на префрлувањето на учениците Македонци во други училишта или иселувања. Ниската редовност во посетата на наставата кај учениците Роми ученици дополнително влијаела врз етничката структура на паралелките.**

**Од фактите на случајот произлегува дека Општина Велес согласно своите надлежности пропуштила да преземе дејствија за спречување на сегрегација во рамки на општинското основното училиште „Панко Брашнаров“ Велес. До Комисијата не беа доставени докази од страна на Општина Велес за тоа дека биле преземени конкретни мерки за спречување на сегрегацијата. Не беше потврдено дека се обезбедени образовни медијатори кои би работеле со родителите на ромските деца за да се надмине проблемот со нивната нередовност во посетата на наставата. Дополнително, не беа доставени докази од страна на ООУ „Панко Брашнаров“ дека биле направени напори за промоција на интеграција меѓу учениците од различни етнички заедници, како и за работа со родителите на учениците Македонци кои се префрлиле во други училишта, со цел спречување на дополнително етничко групирање. Исто така, не е евидентирано дека училиштето спровело активности за поттикнување на редовноста на учениците Роми, кои често ја пропуштаат наставата и имаат проблеми со успехот и напредувањето. Се забележува тренд на намалување на бројот на ученици Роми во повисоките одделенија во сите учебни години.**

**Фактот дека во одредени паралелки доминираат ученици од ромската етничка припадност, укажува на нееднаков пристап и создавање услови за етничко одделување. Формирањето на паралелки каде што учениците од различни етнички групи се речиси целосно сегрегирани придонесува за трајни поделби, намалувајќи ги можностите за инклузивност и нарушувајќи ги принципите на еднаквост и недискриминација утврдени со закон.**

**При носење на Мислењето предвид беше земена праксата на Европскиот суд за човекови права, разработена особено преку:**

<u>Д.Х против Република Чешка (бр. 57325/00)</u> како прв случај на ЕСЧП со кој е утврдена расна сегрегација во образованието, односно дискриманација на ромските ученици во образовниот систем на Република Чешка.

**Елмазова и други против Северна Македонија (бр. 11811/20 и 13550/20)** случај на сегрегација на ученици Роми во основните училишта во Битола и Штип.

**Оршуш против Хрватска (бр. 15766/03)** случај во кој ЕСЧП утврди дека одвоеното образование на само 15 ромски деца во неколку хрватски градови е во спротивност со забраната за дискриминација и правото на образование.

**Хорват и Киш против Унгарија (бр. 11146/11)** случај со кој се потенцира обврската на државата во насока на искоренување на праксата на расна сегрегација на ромските ученици во училиштата.

Предвид беше земена и **Пресудата на Основниот граѓански суд Скопје, VI П4-76/21 од 21.11.2023 година.**

**Општата препорака број 7 на Европската комисија против расизам и нетолеранција** ја дефинира сегрегацијата како *„чин со кој физичко или правно лице одвојува други лица врз основа на расата, бојата на кожата, јазикот, верата, националноста, националното или етничкото потекло, без објективно и разумно оправдување. “*

Во оваа насока, **член 12 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** ја дефинира сегрегацијата како: *„ ...физичко одделување на лице или група лица врз дискриминаторска основа без легитимна или објективно оправдана цел.“*

По вака утврдената фактичка состојба, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација констатира дека во ООУ „Панко Брашнаров“ Велес е извршена сегрегација на учениците од ромска етничка припадност и врз основа на тоа одлучи како во диспозитивот на ова Мислење.

Комисијата напоменува дека сегрегацијата може да биде извршена не само со дејствија на сторување, туку особено и со пропуштање да се преземат соодветни дејствија за нејзино спречување. Имајќи предвид дека отстранувањето на сегрегацијата како посебна форма на дискриминација е комплексен процес, што изискува вклученост на повеќе чинители во државата, очекувањата истата да се отстрани со единствена препорака се невозможни. Сепак, согласно член 27, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдена сегрегација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

# ПРЕПОРАКА

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** ООУ „Панко Брашнаров“ Велес да преземе мерки за надминување на моменталната состојба, односно ќе спроведе мерки на десегрегација во паралелките. Врз основа на тоа се задолжува училиштето во рок од 30 дена да изготви план за десегрегација, кој ќе го достави до Комисијата, а во рок од 180 дена од усвојувањето на планот да го спроведе во училиштето и за истото писмено да ја извести Комисијата.

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** ООУ „Панко Брашнаров“ Велес да воспостави практика на одржување воннаставни активности со инклузивна и едукативна содржина, кои ќе имаат за цел да ја зголемат социјалната интеракција помеѓу учениците Роми и учениците од другите етнички заедници. Динамиката и содржината на овие активности да ја определи ООУ „Панко Брашнаров“ Велес, и за истото писмено да ја извести Комисијата во рок од 30 дена од приемот на Мислењето.

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Општина Велес при донесувањето на актите за реонизација да го има предвид принципот на балансирано учество на сите ученици од различните етнички заедници, а особено учениците Роми односно при донесувањето на планот за реонизација да се распоредат учениците Роми на начин на кој ќе се спречи нивно сегрегирање во едно училиште.

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Општина Велес и основните училишта во нејзина надлежност да ја прекинат практиката на одобрување на упис во училиште надвор од реонот, во случаите кога нема објективно оправдување на барањето, како: промена на живеалиште, следење настава на мајчин јазик или овозможување посеопфатна поддршка на дете со попреченост или со посебни образовни потреби.

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Општина Велес да организира обука за сензибилизирање на вработените во секторот за образование и за менаџментот на основните училишта за спречување и заштита од расна и етничка дискриминација, вклучително и сегрегација. Истата да ја спроведе во рок од 180 дена од приемот на Мислењето и писмено да ја извести Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Општина Велес во соработка со ООУ „Панко Брашнаров“ од Велес да предложат мерки во планот за десегрегација кој треба да го изготви ООУ „Панко Брашнаров“ Велес и да ја отстранат сегрегацијата која е предизвикана со спојувањето на училишта „Благој Кирков“ и „Јордан Хаџи Константинов - Џинот“.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го следи исполнувањето на препораките, а доколку ООУ „Панко Брашнаров“ Велес и Општина Велес не постапат согласно овие препораки, согласно член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита

од дискриминација ќе биде поднесено барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- ООУ „Панко Брашнаров“, ул. „Кресненско востание“ бр.4, 1400 Велес
- Општина Велес, ул. Панко Брашнар бр.1, 1400 Велес
- [redacted]
- Министерство за образование и наука со седиште на ул. „Св.. Кирил и Методиј“ бр. 54, 1000 Скопје

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk